# НАСТАВА

*Б. ЦВЕТКОВСКИ*

## ПРИЛОГ КОН ИЗУЧУВАЊЕТО НА МЕЃУНАРОДНИТЕ ОДНОСИ ВО НАСТАВАТА ПО ИСТОРИЈА

Меѓународните односи како образовно-дидактичен елемент заземаат значајно место во наставната програма по историја во училиштата од прв и втор степен. Изучувањето на меѓународните односи е важен фактор во наставниот процес за стекнување знаења од областа на меѓусебните односи во човечкото општество во историскиот процес. „Општествената историја на луѓето — вели Маркс, секогаш е само историја на нивниот индивидуален развиток, биле на тоа свесни или не. Нивните материјални односи ја прават основата на сите нивни односи. Тие материјални односи само се потребните облици во коишто се остварува нивната материјална и индивидуална дејност.“[1])

Во наставниот процес, преку конкретната реализација на спомнатата наставна програма, треба со умеење и целенасоченост да се изложат, конкретизираат и објаснат основните и значајните моменти на меѓународните односи за преку нив да се надополнат и комплетираат основните знаења за движењето на човечкото општество, и воопшто до максимум да се реализираат воспитно-образовните цели. Доколку наставникот, како реализатор на наставната програма, ќе успее со учениците да ги истакне и објасни битните карактеристики на тие односи, дотолку повеќе наставната работа добива квалитет и адекватна воспитно-образовна вредност, валоризирана на соодветен начин, пред сè во ученичките знаења.

Во запознавањето на учениците со меѓународните односи, треба да се објасни „огромниот научен успех и допринос на марксизмот во областа на општествениот развиток и заедно со тоа епохалниот научен метод за анализата на општествените спротивности и за свесното насочување на општествените движења“[2]), отфрлајќи притоа секакво механичко и статичко-догматско приоѓање кон проблемите, а гледајќи го движењето и односите на опште-

---

[1]) Маркс—Енгелс: Изабрана дела, том II, Култура, Београд 1950, стр. 433.
[2]) Едвард Кардељ: Социјализам и рат, Култура, Београд 1960, стр. 17, 18.

ствените сили дијалектички и марксистички како жив организам во постојан развиток и непрекинато движење.[3])

За подобро разбирање на посочениот проблем се налага извесно диференцирање на односите и потреба од подредување и систематизирање не само по формата и надворешните манифестации, туку и по внатрешната природа и содржина на односите, за да се објаснат суштинските разлики, кои на адекватен начин се израз на длабоките класни спротивности и определени општествено-политички интереси.

## За некои карактеристики на меѓународните односи во класните општества

Во објаснувањето на учениците за меѓународните односи во класно-експлоататорските општества (робовладетелското, феудалното и капиталистичкото) треба пред сè да се истакне односот на едната класа (владеачката, експлоататорската) кон другата класа (потчинетата, експлоатираната). Од разгледувањето и објаснувањето на тој однос јасно произлегува дидактичката историска слика изразена во стремежот на првите да вршат угнетување и експлоатација на вторите. Овие внатрешни меѓукласни односи се двигатели на сите надворешни односи и манифестации. Евидентна е историската вистина дека кога внатрешните услови за експлоатација во една држава ќе се намалат, односно ќе дојдат во криза, владетелската класа на таа држава бара излез надвор од својата земја. Тие стремежи доведуваат и се задоволуваат со војни. Преку војните, како средство, се врши завојување на туѓи територии и покорување на други народи Така станува јасно дека надворешната политика, односно таквите меѓународни односи а во крајна линија и војните, се условени и поттикнати од внатрешните услови, односно од внатрешните класни односи во поодделните земји, како израз на класниот антагонизам во класните општества во целина.

Меѓусебните односи на државите во класните општества меѓутоа не секогаш рефлектираат војни. Честопати тие односи се конкретизираат во меѓународни спогодби (договори, пактови, сојузи, конвенции итн.). Спогодбите по својата форма, содржина и карактер се различни (политички, трговски, културни, воени итн.), а и нивната трајност е различна. При изучувањето и објаснувањето на тие спогодби мошне е важно да се истакнуваат основните принципи и клаузули врз коишто се склучени, да се истакне нивната цел, задача и намера и да се истакне каква е нивната трајност, што постигнуваат, какви се последиците и реперкусиите од тоа и сл.

Ваквата дидактичко-методска постапка налага да се согледаат вистинските причини и фактори што ги диктираат спогод-

---

[3]) Исто, стр. 87.

бите и ќе се заклучи дека спогодбите се заемни компромиси на длабоките внатрешни и надворешни спротивности во државите и меѓу државите, односно времено решение на меѓународните односи. Трајна констелација на меѓународните односи во класните општества нема. Политичката меѓудржавна констелација е условена од посебните интереси на владетелската класа, која добива државно покровителство. За пример да го земеме Балканскиот сојуз, склучен преку билатерални спогодби во 1911 и 1912 година, меѓу четирите балкански држави. Сè дотогаш додека посебните интереси на балканските држави диктираа единство Сојузот постоеше. Кога посебните интереси се судрија (главно по однос на Македонија) Сојузот логично се распадна и не само тоа, туку дојде и до меѓусојузничка војна. Таква судбина имаше и Атинскиот поморски сојуз, во стариот и разните лиги и коалиции во средниот век итн.

Нерамномерниот развиток на државите во класните општества — особено овој показател е видлив во капитализмот и империјализмот, условува тенденции за хегемонизам, блоковско здружување и монополизам. Притоа, поразвиените, поголемите и моќните извлекуваат најголема полза. Тие тенденции доведуваат и до различни односи на поодделните форми на општества и држави во самите класни општества. Израз и манифестација на таквите односи претставува и политиката на сила што се спроведува во „решавањето" на односите, со што се држи општеството во напнатост и страв од војна. Наставната програма вклучува материјал т.е. примери на ваквите односи, особено во делот од современата историја.

### За односите меѓу социјалистичките земји

Главна задача на наставникот во обработката и објаснувањето на заемните односи меѓу социјалистичките земји е да ги истакне основите врз кои се базираат и развиваат тие односи. Притоа, треба да се објаснат трите општи карактеристики на социјалистичките земји. Прво, социјалистичките земји имаат општа економска основа — општествена сопственост на средствата за производство; второ, имаат општа политичка основа — власт на работните луѓе, на работничката класа раководена од комунистичката партија; и трето, имаат општа идеолошка основа — марксистичко-ленинистичка идеологија. Овие општи основи на социјалистичките земји ги прават нивните интереси, цели и односи блиски, идентични и братски и врз такви основи треба да се градат сите нивни меѓусебни односи.

Односите меѓу социјалистичките земји треба да лежат на демократски принципи на соработка и единство на база на рамноправноста на народите и државите, отфрлајќи секаква тенденција на хегемонизам и наметнување на сфаќањата, формите и начините

за социјалистичката изградба со сила однадвор. Почитувањето на посебните форми и патишта на развитокот на социјализмот во секоја земја е основен услов за правилни и демократски односи меѓу братските социјалистички земји. Посебно треба да се потцртува и објаснува економската и политичката соработка во духот на пролетерскиот интернационализам.

Односите меѓу социјалистичките држави се нов тип на односи и тие суштински се разликуваат од меѓународните односи во класните општества. Овие односи се присутни во современото општество, особено по Втората светска војна со никнувањето на повеќе социјалистички земји, кои денес ги има 14, а пред војната постоеја само две СССР и НР Монголија.[4])

„Погрешно ќе биде ако се заклучи дека основните карактеристики на социјалистичката структура (истакната погоре — прим. моја) водат и кон автоматско „хомогенизирање" на сите форми на економската и политичката организација на социјалистичките општества во светската поделба на трудот и во светската политичка организација."[5]) Имајќи го предвид изложеното, објаснувањето и потцртувањето на посебните и различни развојни патишта на социјалистичките општества треба да се примаат како такви и секакво врамување во еден образец е штетно, нереално и претставува субјективистичко догматски идеализам кој во својата суштина содржи хегемонизам и негаторство на новите и напредни социјалистички вредности и во крајна линија негација на вистинските социјалистички односи.

Објаснувајќи ги меѓусебните односи на социјалистичките земји треба да се истакне и појавата на внесување елементи на несоцијалистички односи во нив. Евидентна е вистината дека во односите помеѓу социјалистичките земји има присутност на блоковско-лагерска припадност, појава на хегемонизам, истакнување право на примат и супериорност, однос на големи и мали, на постари и помлади социјалистички земји, а присутна е и отворена воена интервенција на една социјалистичка земја врз друга, како на пример во Чехословачка од страна на петте членки на Варшавскиот пакт или судирот на Кинеско-советската граница и на крај застапување и легализирање на политиката за ограничен суверенитет и сл., т.е. односи кои се во спротивност со социјалистичките принципи за меѓусебни рамноправни односи.

Наставната програма што ја опфаќа историјата на современото општество е богата со примери за посочување на правилни, братски и демократски социјалистички односи и пројавен пролетерски интернационализам (борбата на Виетнам и др.).

---

[4]) Славко Милосавлевски: Белешки за современото општество, Скопје 1969, стр. 10.

[5]) Исто, стр. 11.

## Нешто за меѓусебните односи на двата светски система социјалистичкиот и капиталистичкиот

Современиот свет се дели на низа општества, кои по различни критериуми можат да бидат класифицирани во три основни групи. Според степенот на развиеноста на производните сили се делат на: неразвиени општества, општества во развиток и развиени општества. Според производните односи се делат на: социјалистички општества, капиталистичките; а постојат и земји на „третиот свет".[6])

Меѓусебните односи на двата светски система беа прв пат теориски изнесени и практично спроведени од В. И. Ленин. Во светлината на Лениновото гледање на тоа прашање, потребно е наставникот да објаснува дека социјалистичката револуција не може да победи истовремено во сите земји на светот и поради тоа се налага една или група на социјалистички земји да живеат и да се развиваат едновремено и заедно со останатите капиталистички земји. И покрај спротивностите меѓу двата светски системи треба да се создаваат и развиваат меѓусебни мирољубиви односи, всушност да се воспостави однос на мирољубива коегзистенција на двата система. На учениците треба да им се објаснува суштината на активната мирољубива коегзистенција како реална политика и анализа на објективните услови и сите фактори на општественото движење. Поаѓајќи од тој принцип меѓусебните односи на двата системи треба да се засниваат на полна рамноправност, почитување на територијалниот интегритет, националната независност, државен суверенитет и немешање во внатрешните работи. Најзгодна форма на меѓусебна соработка е трговијата, па потоа науката, културата и други дејности.

Учениците треба да разберат дека политиката на мирна коегзистенција меѓу двата система не значи откажување од класната борба, а е форма на класна борба меѓу нив во современите услови. Друг излез во современите услови нема. „Всушност, постојат само два пата: или мирољубива коегзистенција, или најрушителна војна во историјата. Трет пат нема."[7]) Освен тоа, политиката на мирољубивата коегзистенција не значи идеолошко помирување и напуштање на револуционерната ориентација на работничкото и социјалистичкото движење, зашто вистински револуционерна е само онаа политика која јасната револуционерна ориентација ја поврзува со реалистичката анализа на објективните услови. На крај мирољубивата коегзистенција не е просто пасивно живкање на двата система и на народите и државите едни со други, туку тоа се меѓународни односи на сосем нови, современи принципи кои

---

[6]) Исто, стр. 6 до 10.

[7]) Н. С. Хрушчов: Реферат на XX Конгрес на КП СССР.

овозможуваат најжива, мироубива активност меѓу државите и со различни општествени системи.[8]) Мироубивата коегзистенција овозможува полно економско натпреварување и овозможува да дојдат до израз предностите на новото и напредното социјалистичко општество, затоа и политиката на мироубивата коегзистенција е раководен принцип во политиката на социјалистичките држави и добива сè пошироко меѓународно признание.

Учениците треба да знаат каква е линијата на односите што ги спротивставува капиталистичкиот систем кој во себеси содржи стремежи на распалување на војна и настапува од „позиција на сила“. Тоа им помага на учениците да се ориентираат во сложените настани и меѓународните односи на современото општество и правилно да ги разбираат и судат за истите. Објаснувајќи ги на учениците односите меѓу социјалистичките земји и целосно социјалистичкиот систем со спротивните капиталистички општества и систем, треба да се направи извесна разлика на односите меѓу блоковите што постојат во рамките на тие општества, како групации на поодделни држави со посебни цели и интереси на политички, економски, воен и друг однос и земјите кои не се сврзани со блоковите, условно наречени неврзани земји или „трет свет“.

Блоковите на двата система во прв ред имаат воено-политички карактер (НАТО, СЕАТО, ЦЕНТО, Варшавскиот пакт и други) и придонесуваат за конфронтација на односите во современото општество и ја истакнуваат силата како доминантна за стабилноста на односите и постојната констелација. Паралелно со воено-политичките блокови постојат и повеќе економски асоцијации (ЗЕП односно Европска економска заедница, СЕВ и други), кои исто така придонесуваат за поделба на државите и современите општества.

Во услови на блоковска поделеност на светот, неврзаните земји, во кои влегуваат главно широките подрачја на Африка, Азија и Латинска Америка, кои во последниве децении доживуваат свое ослободување од колонијализмот, се активни поборници за мироубива коегзистенција во меѓународните односи. Една од водечките земји на „третиот свет“ е и Југославија. Неврзаните земји се активни поборници за мир и водат политика на активна мироубива коегзистенција која в суштност значи социјалистичка политика на коегзистенција, ориентирана на спречување на војната. Очигледно е дека коегзистенцијата меѓу двата, до заби вооружени и затворени во себе, блока не може да биде трајна база за стабилен мир. Всушност таква коегзистенција денеска е факт. Задачата е во тоа, да се направи чекор напред т.е. мирот и коегзистенцијата да се зацврстуваат. Во тоа е суштината и смислата на активната коегзистенција и логично, коегзистенцијата и мирот ќе бидат толку стабилни колку бидат активни сите оние материјални и субјективни

---

[8]) Тито: Реферат на V Конгрес на ССРНЈ, 1960.

фактори на современиот општествен прогрес. Во тоа е и смислата и придонесот на неврзаните земји и Југославија во политиката на меѓународните односи на современото општество.[9])

Зафаќајќи се за објаснување на прашањето за меѓународните односи како дидактички елемент во наставата по историја, немаме претензија на исцрпно проучување и анализирање на посоченото прашање, туку целта и задачата ни е повеќе од практични побуди, да го скршнеме вниманието на наставниците на овој важен дидактички и не само дидактички проблем и да им дадеме предност на оние моменти кои се опфатени со наставната програма и кои се битни за правилно обучување на учениците.

---

[9]) Едвард Кардељ: Социјализам и рат, Београд 1960 г., стр. 130—134.